Полио плус, МЦМС и Комисијата за заштита од дискриминација во рамките на проектот „Од норма до пракса“ објавуваат конкурс за избор на најдобра фотографија 2013 објавена на тема „**ДИСКРИМИНАЦИЈАТА НИЗ МОЈОТ ОБЈЕКТИВ**“.

**Цел на конкурсот** е да се стимулира редовно и објективно медиумско следење и согледување на дискриминацијата во државата, по сите основи и на нееднаквите можности за сите ранливи групи, заради поттикнување поголема свест и одговорност на целата заедница за нејзино надминување.




**Услови**

Овој конкурс опфаќа фотографија на дадената тема, од професионални фоторепортери и фото-аматери, објавена на македонски интернет-портал, или во македонски печатен медиум, во период од јануари до крајот од септември 2013 година.

**Начин на пријавување**

Потребно е да се достави оригиналот од фотографијата (дим: 20x30 см, и во електронска форма, снимена на ЦД), „принт-скрин“ / линк за интернет порталот, или оригиналот од печатеното издание во кое е таа објавена, куса биографија на кандидатот, и резиме за тоа како и каде настанала фотографијата.

**Начин на доставување**

Апликациите треба најдоцна до 30.9.2013 година, да се достават на адреса: ПОЛИО ПЛУС - движење против хендикеп, бул. АВНОЈ бр. 64 - локал 2, 1000 Скопје.

Пристигнатите трудови ќе ги оцени стручно жири, а ќе бидат објавени во заеднички каталог и на изложба, на која ќе бидат доделени и **наградите**:

1. НАГРАДА: 1.000 евра
2. НАГРАДА: 700 евра
3. НАГРАДА: 500 евра

*За подетални информации контактирајте на тел: 02/2400-544 или на e-mail: tanja@polioplus.org.mk ; polioplus@polioplus.org.mk*

Проектот е финансиран од Европската Унија преку програмата Прогрес (2007-2013).

Повеќе за условите, начинот на пријавување и на доставување, како и други информации:

- Конкурс за избор на најдобра фотографија (македонски јазик)
- Конкурс за избор на најдобра фотографија (албански јазик)